МИА

ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО
GJYKATA THEMLORE KRUSHEVË 978

| Примено Pranuar: | 24.04.23 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njesia organiz | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| СПЧ | -3/23 | | |

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку правосилни пресуди за сите кривични дела против половата слобода и половиот морал, односно Силување - Член 186, Обљуба врз немоќно лице - Член 187, Полов напад врз малолетник кој не наполнил 14 години - Член 188, Обљуба со злоупотреба на положбата - Член 189, Задоволување на полови страсти пред друг - Член 190, Посредување во вршење проституција - Член 191, Подведување и овозможување полови дејствија - Член 192, Прикажување на порнографски материјал на малолетник - Член 193, Производство и дистрибуција на детска порнографија - Член 193 – а, Намамување на обљуба или друго полово дејствие на малолетник кој не наполнил 14 години - Член 193 –б и Родосквернавење - Член 194 има во Вашиот суд во изминатите десет години(2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019, 2020, 2021, 2022), согласно месец март 2023 година?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- електронски запис

Начин на доставување на информацијата:

- е-маил

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 24 април 2023 година
Ангела Рајчевска, новинар, МИА

Плоштад Пресвета Богородица бр.3, Скопје
Телефонски број: 075829588

Почитувани,

Едно кусо дополнување.
Имено, ве молам при вашиот одговор имајте предвид дека не барам вкупна бројка на правосилни пресуди за сите дела. Туку за секое дело поединечно. Дополнително, колку од пресудите се осудителни, колко ослободителни.

Благодарам,

Со почит,

**Ангела Рајчевска**
**Новинар**

АД „МИА" - Скопје
Ул.: Кеј Димитар Влахов бр.4, П.ф. 4, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: +389 2 246 16 00
Факс: +389 2 246 40 48
Моб.: +389 75 829 588
angela.rajcevska@mia.mk
www.mia.mk

ISO 9001:2008; ISO 14001:2004; OHSAS 18001:20

ОСНОВЕН СУД
СПИ-03/23
Крушево

До
Ангела Рајчевска
Новинар, МИА
Скопје

З А П И С Н И К
од 04.05.2023 год.

Врз основа на чл.20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а во врска со Вашето барање од 24.04.2023 год, имателот на бараната информација од јавен карактер Основен суд –Крушево ја дава следната информација од јавен карактер:

Во овој суд од сите посочени кривични дела против половата слобода и половиот морал во Вашето барање за изминативе десет години (2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018, 2019,2020, 2021 и 2022 година) има само една правосилна пресуда во 2022 год. за кривично дело „Задоволување на полови страсти пред друг" заведена под К.бр.11/22, со која обвинетиот за ова кривично дело е осуден на условна осуда -казна затвор во траење од 3 (три месеци) која нема да се изврши доколку обвинетиот во рок од 1 (една) година не стори ново кривично дело.

Со почит,
04.05.2023 год.

Имател на информација,
ОСНОВЕН СУД -КРУШЕВО
Службено лице,
Костандина Тасеска
---------------------------------------------------